# ВЛИЈАНИЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ОД КОВИД-19 ВРЗ РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ




FINANCE THINK OUT OF THE BOX

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

Sweden
Sverige

UN WOMEN

*Публикацијата е изработена од Фајнанс тинк – Институт за економски истражувања и политики, во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - Сида.*

*Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.*

# ВЛИЈАНИЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ОД КОВИД-19 ВРЗ РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**Авторки:**

**Благица Петрески**
Finance Think - Институт за економски истражувања и политики

**Деспина Туманоска**
Finance Think - Институт за економски истражувања и политики

Мај, 2021

# СОДРЖИНА


1.СОЦИЈАЛНА КАРТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 6

1.1. Локација, големина и население 6

1.2. Пазар на труд 7

1.3. Образование 8

1.4. Социјална заштита 9

1.5. Здравство 11

2. МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ 12

3. БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ПРЕД КОВИД-19 13

3.1. Структура на приходи 13

3.2. Структура на расходи 13

3.3. Преглед на годишните програми на Општина Ѓорче Петров од родова перспектива 14

3.3.1 Активности од годишни програми на Општина Ѓорче Петров, директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 14

3.3.2 Активности од годишните програми на Општина Ѓорче Петров индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 16

3.3.3 Буџетска структура на активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост 20

4. СОСТОЈБА СО КОВИД-19 НА ЛОКАЛНО НИВО 23

4.1 Движење на КОВИД-19 23

4.2 Здравствена заштита на локално ниво 23

4.3 Мерки за заштита на населението 23

5. БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ПО КОВИД-19 24

6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ 29

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ


**ТАБЕЛА 1.1:** Процена на население во општина Ѓорче Петров, во 2019 година, по возраст 6
**ТАБЕЛА 1.2:** Активни претпријатија, по големина 7
**ТАБЕЛА 1.3:** Активни претпријатија, по сектор 7
**ТАБЕЛА 1.4:** Запишани ученици/чки во основно образование, по одделенија 8
**ТАБЕЛА 1.5:** Наставници/чки во основните и во средните училишта, по пол 9
**ТАБЕЛА 1.6:** Вработени лица во детски градинки, по пол 9
**ТАБЕЛА 1.7:** Карактеристики на здравствен регион Ѓорче Петров 11
**ТАБЕЛА 3.1:** Активности за еднакви можности 15
**ТАБЕЛА 3.2:** Активности директно насочени кон унапредување на родова еднаквост 15
**ТАБЕЛА 3.3:** Активности од програмата за социјална заштита индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 16
**ТАБЕЛА 3.4:** Активности во програмата за култура индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 16
**ТАБЕЛА 3.5:** Активности во програмата за спорт индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 17
**ТАБЕЛА 3.6:** Активности во програмата за образование индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 17
**ТАБЕЛА 3.7:** Активности во програмата за урбано планирање индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 18
**ТАБЕЛА 3.8:** Активности во програмата за комунални дејности индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 19
**ТАБЕЛА 3.9:** Активности во програмата за јавни објекти индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 19
**ТАБЕЛА 3.10:** Активности во програмата за заштита, спасување и кризи индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 19
**ТАБЕЛА 4.1:** Број на активни случаи на КОВИД-19 во Ѓорче Петров 23
**ТАБЕЛА 5.1:** Промени во буџетот на програмите со родова перспектива, настанати со ребалансот за 2020 година; во илјади денари 26


## ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ


**ГРАФИКОН 3.1:** Структура на буџетски приходи 13
**ГРАФИКОН 3.2:** Структура на буџетски расходи 14
**ГРАФИКОН 3.3:** Структура на програмите на Општина Ѓорче Петров од аспект на соодветност на активностите за унапредување на родовата еднаквост 20
**ГРАФИКОН 3.4:** Издвоени буџетски средства според категоризација на програмите 21
**ГРАФИКОН 3.5:** Издвоени средства соодветни за унапредување на родова еднаквост, според програма и категоризација 22

# 1.СОЦИЈАЛНА КАРТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## 1.1. Локација, големина и население

Општина Ѓорче Петров е една од десетте општини на градот Скопје, оддалечена пет километри од центарот на главниот градот; се наоѓа на северозападната страна во Скопската Котлина, меѓу реките: Вардар, Лепенец и Треска. Општината има и урбан и рурален дел. Урбаниот дел го сочинуваат пет населби: Ѓорче Петров, Даме Груев, Мирче Ацев и Дексион. Во општина Ѓорче Петров влегуваат населените места: Грачани, Кучково, Никиштане, Орман, Волково и Ново Село.

Според последниот официјален попис од 2002 година, вкупниот број население во општина Ѓорче Петров изнесува 41.634 жители, од кои 20.957 се жени и 20.677 се мажи. 81,5 проценти од жителите на општината се Македонци, четири проценти се Срби, 3,8 проценти се Албанци, 3,5 проценти се Роми, а другите етнички групи се застапени со помалку од еден процент.

Според процената на Државниот завод за статистика[1], во 2019 година населението во општина Ѓорче Петров брои 42.953 жители. Соодносот на жителите по основа на пол е 48,9 проценти мажи и 51,1 процент жени. Анализата на населението во однос на возраста покажува дека 67,3 проценти од жителите на општината се работоспособно население на возраст меѓу 15 и 64 години. Дополнително, табела 1.1 покажува дека во општината живеат 3.088 деца во предучилишна возраст, а 7.537 лица се во пензионерски години, повозрасни од 64 години, со што коефициентот на старосна зависност изнесува 46,5 проценти и е пониска од коефициентот за Скопскиот регион од 48,7 проценти (Државен завод за статистика на РСМ, 2020 година). Во однос на половата структура, најчесто не се забележуваат значителни разлики во возрасните групи, освен во 15 – 29 години, каде што соодносот е 55 проценти жени, а 45 проценти мажи и во возрасната група 65+ каде што се јавува идентичниот соодност како и претходно, во прилог на жените.

**ТАБЕЛА 1.1**

**Процена на население во општина Ѓорче Петров, во 2019 година, по возраст**

| | до 6 | 7 - 14 | 15 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 3.088 | 3.047 | 7.160 | 6.681 | 6.420 | 5.720 | 2.941 | 7.537 |
| Мажи | 1.645 | 1.732 | 3.063 | 3.328 | 3.160 | 2.757 | 1.414 | 3.375 |
| Жени | 1.443 | 1.675 | 3.557 | 3.353 | 3.260 | 2.963 | 1.527 | 4.157 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

[1]Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. Население во Република Македонија на 31.12 по специфични групи на возраст, по пол, по општини, според промените во територијалната поделба во 2014 година, по години

## 1.2. Пазар на труд

Општина Ѓорче Петров се наоѓа во Скопскиот регион во земјава, кој се карактеризира со стапка на невработеност од 14,7 проценти, што е три процентни поени помалку од националната стапка на невработеност од 17,3 проценти во 2019 година. Скопскиот регион, според висината на стапката на вработеност, која изнесува 45,6 проценти, е петти по ред во земјата и е приближно до националниот просек од 47,3 проценти, додека стапката на активност е 53,7 проценти. Сепак, не постојат официјални статистички податоци за вработеноста, невработеноста и за активноста на населението по општини, па оттука остануваат непознати статистичките податоци за понудата на работна сила во општината. Но, ако се анализираат податоците за стапката на невработеност во Скопскиот регион, заклучокот е дека жените се во понеповолна положба во однос на мажите, со оглед на тоа што нивната стапка на невработеност (16,6 проценти) е повисока од таа кај мажите (13,3 проценти), а и двете стапки се пониски од националниот просек од 17,3 проценти (Државен завод за статистика, 2020 година) .

Во однос на деловните субјекти што работат на територија на општина Ѓорче Петров, во 2019 година има 1.729 активни субјекти, од кои најголем број или 69,1 проценти се микропретпријатија што вработуваат до 10 лица (табела 1.2).[2]

**ТАБЕЛА 1.2**

### Активни претпријатија, по големина

| Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|
| 1.729 | 1.195 | 509 | 13 | 12 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Според секторот во кој дејствуваат, најголем дел од активните деловни субјекти работат трговија на големо и на мало и преработувачка индустрија, а има и голем број деловни субјекти во секторите градежништво, транспорт и складирање (табела 1.3). Според ИЛО / ЕБРД (2020)[3] токму овие сектори и угостителството се најпогодени сектори од кризата предизвикана од КОВИД-19, што значи дека повеќе од една половина од компаниите што работат на територијата на општина Ѓорче Петров се погодени од кризата. Тоа може да предизвика помал прилив на приходи во буџетот на Општината, со оглед на тоа што поголем дел од овие компании, веројатно, ќе се соочат со тешкотии за навремена уплата на своите обврски кон Општината.

**ТАБЕЛА 1.3**

### Активни претпријатија, по сектор

| Сектор | Број на активни субјекти |
|---|---|
| ВКУПНО | 1.729 |
| Земјоделство, шумарство, рибарство | 15 |
| Рударство | 5 |
| Преработувачка индустрија | 221 |
| Снабдување со електрична енергија | 3 |
| Снабдување со вода | 4 |
| Градежништво | 166 |
| Трговија на големо и на мало | 496 |
| Транспорт и складирање | 169 |
| Објекти за сместување и за храна | 67 |
| Информации и комуникации | 56 |
| Финансиски дејности и осигурување | 5 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 15 |
| Стручни, научни и технички дејности | 170 |
| Административни и помошни услужни дејности | 51 |
| Јавна управа и одбрана | 1 |
| Образование | 24 |
| Здравствена и социјална заштита | 70 |
| Уметност, забава и рекреација | 38 |
| Други услужни дејности | 153 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

[2] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2020) Регионите во Република Северна Македонија 2020 година
[3] ILO/EBRD (2020) COVID-19 and the world of work: Rapid assessment of the employment impacts and policy responses in North Macedonia. International Labour Organization 2020

## 1.3. Образование

Образованието во општина Ѓорче Петров се изведува во осум редовни основни училишта и во две специјални основни училишта. Во општината има едно средно училиште во кое се изучуваат образовните профили: конфекциски техничар, конфекционер и техничар за дизајн на облека. Поради местоположбата на основните училишта, како и поради потребата од поголема достапност до образованието на децата со посебни развојни и образовни потреби, за 125 ученици/чки (82 во редовните основни училишта и 43 ученици/чки во специјалното основно училиште) се обезбедува организиран превоз од и до нивниот дом.

Во учебната 2019 / 2020 година во основните училишта во Ѓорче Петров се запишани 3.532 ученици/чки, 52 проценти ученички и 48 проценти ученици. Во средното училиште, пак, во учебната 2019 / 2020 година се запишани вкупно 2.836 ученици/чки, од кои 48,8 проценти се девојчиња, а 50,2 проценти се момчиња. Од вкупниот број ученици/чки во основно образование, 46,2 проценти или 1.628 деца се ученици/чки во првите четири одделенија, до 10-годишна возраст (табела 1.4). Тоа укажува дека исто толкав број вработени родители добија право на ослободување од работа и од работни обврски во периодот 10 март – 8 јули 2020 година, со одлуката на Владата донесена на 10 март 2020 година во насока на спречување на ширењето на КОВИД-19.

**ТАБЕЛА 1.4**

**Запишани ученици/чки во основно образование, по одделенија**

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 421 | 401 | 413 | 404 | 389 | 360 | 418 | 386 | 340 |
| Ученички | 211 | 202 | 196 | 181 | 184 | 176 | 215 | 191 | 166 |
| Ученици | 210 | 199 | 217 | 223 | 205 | 184 | 203 | 195 | 174 |

***Извор:*** *Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Истата учебна година во основно образование во Ѓорче Петров се вработени 257 наставници/чки, од кои најголем дел, или 254 се наставници/чки во редовните основни училишта, а три работат во специјалните основни училишта. Без разлика на видот на училиште, редовно или специјално, родовата анализа на вработените наставници/чки во табела 1.5 покажува доминантност на вработени наставнички, наспроти наставници. Од вкупниот број наставници/чки во редовното основно образование, 257 или 67 проценти се жени, а 78 од наставниците се мажи. Притоа, од 22 наставници/чки во специјалните основни училишта, само двајца се мажи. Во средните училишта во Ѓорче Петров се вработени вкупно 35 наставници/чки, од кои 27 (77 проценти) се жени, а осум (23 проценти) се мажи.

**ТАБЕЛА 1.5**

**Наставници/чки во основните и во средните училишта, по пол**

| Вид училиште | Пол | Број на наставници/чки |
|---|---|---|
| Редовни основни училишта | жени | 215 |
| | мажи | 39 |
| Специјални основни училишта | жени | 3 |
| | мажи | / |
| Средни училишта | жени | 27 |
| | мажи | 8 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

Родовата анализа на наставниците/чките во основните и во средните училишта во општина Ѓорче Петров покажува дека образованието, а особено основниот образовен систем во оваа општина го водат жени, кои директно се засегнати со одлуката на Владата за затворање на училиштата, донесена на 10 март 2020 година, како една од мерките за спречување на ширењето на КОВИД-19.

## 1.4. Социјална заштита

Социјалната заштита во општина Ѓорче Петров се нуди преку следнава мрежа на установи и на институции:

- Детска градинка за згрижување деца во предучилишна возраст, до шест години;
- Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Порака“
- Дом за стари лица „Мајка Тереза“

Во општина Ѓорче Петров има една јавна општинска установа детска градинка „Росица“ за згрижување деца во предучилишна возраст. Дејноста во установата се врши во пет организациски единици со вкупен капацитет за згрижување на 705 деца. Во организациските единици во градинката во 2017 година биле згрижени 730 деца или 25 деца повеќе од капацитетите. Но, 607 деца не биле примени во градинката поради недостиг од слободни места, што, пак, укажува на потреба за проширување на постојниот капацитет и од нови слободни места за згрижување деца (Државен завод за статистика, 2017 година)[4].

Во установата има вкупно 127 вработени, од кои 117 се жени. Само вработените како административни, технички работници/чки покажуваат различна полова структура на вработени. Во објектите на градинката се вработени само 10 мажи, од кои девет како административни и технички работници, а само еден маж е вработен како готвач (табела 1.6).

**ТАБЕЛА 1.6**

**Вработени лица во детски градинки, по пол**

| | Директори/ки и стручни соработници/чки | Негуватели/ки | Воспитувачи/ки | Административни и технички работници/чки | Готвачи/ки |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 3 | 58 | 26 | 27 | 13 |
| Жени | 3 | 58 | 26 | 18 | 12 |
| Мажи | 0 | 0 | 0 | 9 | 1 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

[4] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2017) Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки/центри за ран детски развој

Во Ѓорче Петров нема центар за социјална работа, а жителите на општината своите права и услуги од социјална заштита ги добиваат во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје и во неговите подрачни единици што се лоцирани во другите општини[5].

Во општина Ѓорче Петров, во населбата Волково, во дневниот центар „Порака“ се обезбедува дневно згрижување лица со интелектуална попреченост повозрасни од 26 години. Во него на дневно ниво се згрижуваат 20 лица со умерена и со тешка попреченост повозрасни од 26 години и тука, меѓу другите активности, лицата учат и совладуваат знаења и вештини за одгледување градинарски култури. Во центрите на „Порака“ се обезбедуваат можности за вклучување на лицата со интелектуална попреченост во општеството, но преку развивање социјални сервисни служби во заедницата т.н. социјални клубови за поддршка на лицата со интелектуална попреченост и на нивните семејства. Во оваа општина постои и јавна установа за згрижување стари лица Дом за стари лица „Мајка Тереза“, наменет за стари лица што имаат потреба од згрижување, но немаат сериозно нарушување на здравјето т.е. состојба за која не е потребен болнички третман. Капацитет на згрижување е 80 стари лица. Домот функционира во рамки на Геронтолошката болница „13 Ноември“.



***Извор:*** *Photo by Matthew Bennett/Unsplash*

[4]http://www.jumcsrskopje.gov.mk/kontakt

## 1.5. Здравство

Системот на здравствена заштита во Република Македонија го сочинуваат мрежата на здравствени институции и здравствените работници/чки од примарна, секундарна и од терцијарна здравствена заштита по здравствени региони. Република Македонија е поделена на триесет здравствени региони. Еден од нив е здравствениот регион Скопје. Со оглед на фактот што Скопје е главен град и во него се концентрирани голем дел од здравствените установи од сите нивоа на здравствена заштита, вклучително и сите триесет универзитетски клиники, може да се каже дека овој регион располага со најголем број установи, кадар, но и жители на кои треба да им се обезбеди здравствена заштита на сите нивоа. И општина Ѓорче Петров припаѓа на здравствениот регион Скопје. Карактеристиките на овој здравствен регион се прикажани во табела 1.7.

**ТАБЕЛА 1.7**

**Карактеристики на здравствен регион Велес**

| Површина во км$^2$ | Број на населени места | Број на жители | Жители на км$^2$ |
|---|---|---|---|
| 1.858 | 142 | 629.215 | 324,4 |

*Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија*

На територијата на општина Ѓорче Петров се наоѓаат две установи за здравствена заштита на населението: 1) Поликлиника „Ѓорче Петров“, која обезбедува услуги од примарна и од превентивна здравствена заштита на населението од три големи општини: Ѓорче Петров, Карпош и Сарај, со вкупна бројка од 140 илјади жители. 2) Геронтолошка болница „13 Ноември“ Скопје. Таа се состои од три посебни оддели, меѓу кои и споменатиот Дом за стари лица „Мајка Тереза“. Другите два оддели се:

- Болнички дел – Геронтолошка болница, наменет за стари лица што имаат потреба од згрижување и кои имаат сериозно нарушување на здравјето т.е. состојба за која е потребен болнички третман. Вкупниот капацитет за згрижување е 200 лица.
- Хоспис „Сју Рајдер“ (Sue Ryder), наменет за лица (и млади и стари лица) што се во терминална фаза од својот живот поради тешки заболувања. Капацитетот за згрижување е 75 пациенти.

Во поликлиниката во Ѓорче Петров има вкупно 105 вработени, од кои 84 се жени и 21 маж.

[8]Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија (2019 година) Здравствена карта на Република Северна Македонија 2018 година

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ

Целта на оваа анализа е брза процена на влијанието на пандемијата на КОВИД-19 врз локални програми и активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Анализата користи пристап до документациска анализа на локалниот буџет за 2020 година и сите направени ребаланси, како и анализа на сите постојни локални програми со цел идентификација на родово специфични активности. Притоа, документациската анализа е спроведена низ следниве чекори:

1. Буџетска анализа на структурата на приходите и на расходите на Општината (според намена на ниво на ставка) со цел утврдување на финансискиот потенцијал.

2. Анализа на сите локални програми за 2020 година, со цел утврдување активности што се насочени кон унапредување на родовата еднаквост во општината. Притоа, активностите директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост се категоризирани со 2; 1 доколку се индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост; и 0 доколку не придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во општината. Директно насочените активности имаат примарна цел да ја унапредат родовата еднаквост во општината, додека индиректните не целат примарно кон унапредување на родовата еднаквост, но нивното спроведување може да придонесе кон зголемување на еднаквите можности на жените и на мажите.

3. Буџетска анализа на активностите што во точка 2 се категоризирани со 1 и со 2, со цел утврдување на учеството на алоцираните средства за нивно спроведување во вкупната програма и во буџетот на Општината.

4. Споредбена анализа на иницијалниот буџет и на неговиот ребаланс со цел утврдување на ефектите од КОВИД-19 врз финансискиот потенцијал на општината и врз активностите насочени кон унапредување на родовата еднаквост.

Во рамки на документациската анализа се користени податоци од буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година, ребалансот на буџетот за 2020 година и од локалните годишни програми за 2020 година што се јавно достапни. Како извор на податоци се користени веб-страницата на Општината, службените весници, податоци добиени од локалните институции и од секторот за изработка на буџет при Општина Ѓорче Петров.

Со цел збогатување на анализата со квалитативни наоди, на 16 декември 2020 година е спроведено интервју со координаторката за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров, во согласност со претходно утврден полуструктуриран водич за интервју. Целта на интервјуто е добивање квалитативни наоди за учеството на координаторката и на комисијата за еднакви можности во процесот на подготовка и на разгледување на локалните годишни програми заради вклучување на принципот на еднакви можности и за да се утврди дали и во која мера КОВИД-19 изврши влијание врз програмата за еднакви можности на мажите и на жените и на други програми во кои е вметната родовата перспектива.

За да добиеме увид во потребите на локалните жени и мажи за активности што се во надлежност на локалната власт (социјална заштита, уредување градежно земјиште, образование, паркови и зеленило и слично) со цел подобрување на квалитетот во заедницата и унапредување на родовата еднаквост, како и во влијанието на пандемијата врз животот во локалната заедница, спроведена е фокусна група со жители на општина Ѓорче Петров, чиешто регрутирање следеше структуриран тек. Имено, за учесници беа избрани жители на општината што имаат искуство во користење некоја активност од Општината (на пример, еднократна финансиска помош) или имаат потреба од активност што може да ја понуди Општината со цел унапредување на родовата еднаквост и квалитетот на живот.

# 3. БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ПРЕД КОВИД-19

## 3.1. Структура на приходи

Анализата на буџетот на Општина Ѓорче Петров, планиран за 2020 година, ја почнуваме со преглед на структурата на приходи, прикажана на графикон 3.1. Тоа што може да се забележи е дека Општината има диверзификувано портфолио на приходи, што не е чест случај кај општините. Најголем извор на приходи, како и кај другите општини, се **трансфери и донации, со учество од 43 проценти,** што, главно, се користат за извршување на пренесените надлежности во образование, култура и во детски градинки. Веројатно, во еден дел ова се должи на тоа што општината е дел од град Скопје, каде што дел од услугите на локално ниво (средно образование и институциите од култура) не се доволно застапени во општината, па затоа и учеството на овие приходи во вкупните приходи е помало. Следен најголем извор на финансирање **се даночните приходи, со учество од 32 процента** од вкупните приходи. Во оваа категорија, најголем дел (75 проценти) отпаѓа на приходи за даноци на специфични услуги, во кои спаѓаат различни комунални такси (за привремен престој, за истакнување фирма, односно назив на деловна просторија, за користење улици со различни возила, што се плаќа при регистрација на возилата, за користење и одржување јавно осветлување, за истакнување реклами и информации, за паркирање, надомест од комунална дејност и други). Другите даноци во надлежност на општината учествуваат со 25 проценти, од кои најголеми се даноците на имот (21 процент) и данок од доход, добивка и од капитални добивки (четири проценти). **Капиталните приходи учествуваат со пет проценти** во вкупните приходи и, главно, доаѓаат од продажба на општинско земјиште. **Неданочните приходи учествуваат со 18 проценти** во вкупните приходи и се однесуваат на глоба, судски и административни такси, такси и надомест и други владини услуги, или таканаречени парафискални давачки за компаниите и за жителите на општината. Ваквата структура упатува на тоа дека Општината, од една страна, има диверзификувано портфолио на приходи, но, исто така, има ограничен потенцијал за финансирање и за понуда на повеќе услуги на општинско ниво.

**ГРАФИКОН 3.1.**

**Структура на буџетски приходи**




*Извор:Буџет на Општина Ѓорче Петров, пресметка на авторите*

## 3.2. Структура на расходи

Структурата на буџетските расходи на Општина Ѓорче Петров е претставена на графикон 3.2 и упатува на податокот дека една третина (37 проценти) од расходите се наменети за **плати и за надомест**, во кои спаѓаат платите и придонесите на администрацијата на Општината и на лицата вработени во противпожарна заштита, основно и средно образование, детски градинки и култура. Повторно, оваа ставка, во споредба со другите општини, е значително помала, што може да се должи на нецелосната понуда на услуги (средно образование и култура), која е пренесена надлежност на општините, а е поради специфичноста на општината да биде дел од град Скопје. Расходите за **стока и за услуги** се следна категорија (30 проценти) и опфаќаат различни трошоци за договорни услуги, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, патни и дневни расходи, поправки и тековно одржување и привремени вработувања. Следна категорија по големина се **капиталните расходи**, речиси една третина од вкупните расходи, 27 проценти, од кои најголем дел (90 проценти) се наменети за градежни активности. Со помалку од три проценти, поединечно, во вкупните расходи учествуваат **социјални бенефиции, различни трансфери, отплата на долгови и камата.**

Структурата на расходите на Општината упатува на разумен распоред. Една од значајните карактеристики на буџетот на Општина Ѓорче Петров е што расходите за плати имаат помало учество во вкупните расходи, во споредба со другите општини. Тоа, пак, ја прави структурата на расходите, генерално, диверзификувана и избалансирана меѓу тековните расходи и развојната компонента. Од родова перспектива, развојната компонента е значајна затоа што, освен активностите директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост, вкупната инфраструктура и инвестициите во институции како што се градинки и домови за стари лица, може значајно да придонесе за зголемување на еднаквите можности во општината. Главно, придобивките од овие инвестиции се преку директен придонес за зголемување на пристапот до јавни услуги, кои влијаат врз намалување на времето потрошено за грижа за деца и за стари лица во домот и создавање услови за активација на жителите, особено на жените, кои најчесто се грижат за малите и за старите лица, на пазарот на трудот.

**ГРАФИКОН 3.2**

**Структура на буџетски расходи**




*Извор:* *Буџет на Општина Ѓорче Петров, пресметка на авторите*

## 3.3. Преглед на годишни програми на Општина Ѓорче Петров од родова перспектива

### 3.3.1 Активности од годишни програми на Општина Ѓорче Петров, директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Со цел обезбедување еднакви можности на жените и на мажите, жители на општина Ѓорче Петров, а во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите[6], членот 14, Општината е должна во рамки на своите годишни програми, планови и стратегии да го вклучи принципот за родова еднаквост и да ги промовира и унапреди еднаквите можности меѓу жените и мажите. За таа цел, во 2017 година е формирана комисија за еднакви можности, чијашто обврска е контрола и спроведување на законот на општинско ниво.

Во моментов комисијата за еднакви можности (КЕМ) на Општина Ѓорче Петров има пет члена, од кои четири жени и еден маж, членови на општинскиот совет. Од редот на државните службеници, општините се должни да изберат координатор/ка и заменик-координатор/ка за еднакви можности на жените и на мажите. Општините и КЕМ немаат законска обврска за подготовка на програми или стратегии за еднакви можности на жените и на мажите, но многу општини, меѓу кои и Општина Ѓорче Петров, подготвуваат вакви програми, најчесто на годишно ниво. Па така, Општина Ѓорче Петров има подготвено програма за еднакви можности на жените и на мажите за 2020 година, во која се алоцирани 250 илјади денари за спроведување активности во насока на унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, прикажани во табела 3.1.

Двете предвидени активности се насочени кон зголемување на знаењето и на вештините на членовите на КЕМ за родова сензитивност на локалните програми, преку работилници и вмрежување со НВО. Поради пандемијата, а со ребалансот на општинскиот буџет, средствата алоцирани во оваа програма се намалени на 50 илјади денари поради неможноста да се организираат предвидените работилници и да се организираат средби и настани за вмрежување со НВО.

[6]Службен весник на Република Северна Македонија 6/12. Закон за еднакви можности на жените и мажите

**ТАБЕЛА 3.1**

### Активности за еднакви можности

| Програма | Буџет |
|---|---|
| Дводневни работилници | 150.000 |
| Соработка со НВО | 100.000 |

*Извор: Програма за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Освен во подготовка на програмата за еднакви можности, КЕМ е вклучена и во разгледување на другите годишни програми под надлежност на општината, утврдени со Законот за локална самоуправа, членот 22.[7] Според овој закон, општината е задолжена да изработува годишни програми за следниве надлежности: локален економски развој, образование, социјална заштита, спорт, млади, култура, локални патишта и улици, информатичка технологија, градежно земјиште, противпожарна заштита, меѓународна соработка и соработка со НВО. Притоа, родовата перспектива треба да се вгради во сите годишни програми, со цел обезбедување еднакви можности и унапредување на животот на жените и на мажите во локалната заедница. Општина Ѓорче Петров го наведува вклучувањето на родовата перспектива во локалните програми како една од целите на Општината, но анализата покажа дека освен во програмата за еднакви можности на жените и на мажите, активности, чијашто примарна цел е унапредување на родовата еднаквост, нема во сите локални програми. Па така, освен активностите предвидени во програмата за еднакви можности, уште четири други активности се директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост во оваа општина: 1) Обуки за професионален развој за воспитно-згрижувачкиот кадар во детската градинка; 2) Центар за советување за жртви на семејно насилство; 3) Одбележување на Меѓународниот ден на жената и 4) Општински сојуз на училиштен спорт што предвидува организирање повеќе спортски манифестации каде што е јасно нагласено учеството на машки и на женски спортски клубови и поединци.

Според табела 3.2, овие активности се дел од годишните програми за социјална заштита, култура и за спорт, а издвојувањата за активностите е незначително во рамки на програмите. Сепак, очекувано е дека овие активности ќе ја унапредат родовата еднаквост во општината, така што преку обуките за професионален развој на вработените негуватели и воспитувачи во детските градинки, кои, според дел 1.4 се жени, ќе им се зголемат можностите за напредување во кариерата, жртвите на семејно насилство, кои најчесто се жени, ќе добијат можност за професионални совети и поддршка во предвидениот центар за советување, одбележувањето на празникот на жената, 8 Март, ќе овозможи промовирање на родовата еднаквост во општеството, а поттикнувањето на женските спортски клубови и спортистки да учествуваат на општинскиот сојуз на училиштен спорт ќе го намали родовиот јаз во овој сектор.

**ТАБЕЛА 3.2**

### Активности директно насочени кон унапредување на родова еднаквост

| Програма | Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|---|
| Социјална заштита | Обуки за професионален развој | 80.000 | 1,7 % |
| Социјална заштита | Центар за советување за жртви на семејно насилство | 200.000 | 4,2 % |
| Протоколарни активности | Одбележување на 8 Март | 10.000 | 2 % |
| Спорт и поддршка на НВО | Општински сојуз на училиштен спорт | 425.000 | 6,2 % |

*Извор: Програма за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

[7]Информација добиена од интервју со координаторката за еднакви можности спроведено на 16 декември 2020 година

### 3.3.2 Активности од годишните програми на Општина Ѓорче Петров индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Во другите програми на Општина Ѓорче Петров не е директно вклучена родовата перспектива, но и таму може да се утврдат активности што немаат за примарна цел унапредување на родовата еднаквост, но индиректно би ги зголемиле еднаквите можности на жените и на мажите. Според табела 3.3, голем дел од активностите во програмата за социјална заштита може да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост во општината. Родовата перспектива не се споменува во оваа програма, но сите активности за финансиска помош на болни лица, невработени лица, самохрани родители и слично, индиректно се насочени кон финансиска поддршка и на жени и на мажи. Тоа го потврдува и општинската статистика, според која во 2020 година еднократна финансиска помош добиле 411 жени и 69 мажи. Од активностите насочени кон детските градинки, речиси сите активности се индиректно соодветни за унапредување на родовата еднаквост од повеќе аспекти: 1) 92 проценти од вработените во градинките се жени (дел 1.4), 2) подобрените услови за работа и образование во градинките ќе обезбедат децата да учат таму, со што би се намалила потребата за учење дома со своите родители, а особено со мајките, 3) згрижувањето на децата овозможува родителите, а особено мајките, да се активираат на пазарот на труд и 4) се овозможуваат подобри предуслови за развој и за сензибилизирање на децата во предучилишна возраст. Според UN Women (2020 година) инвестициите во грижа и во воспитување на децата имаат многу придобивки: развој на човечки капитал, еднаков пристап до институции за згрижување и ран развој и намалување на родовата нееднаквост на пазарот на трудот.

**ТАБЕЛА 3.3**

**Активности од програмата за социјална заштита индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост**

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Финансиска поддршка | 1.400.000 | 29,5 % |
| Еднократна материјална помош за новородено дете | 1.500.000 | 30 % |
| Патролна социјална служба | 130.000 | 2,7 % |
| Прослава на 55 години на детска градинка | 120.000 | 2,5 % |
| Поддршка на проекти во предучилишно образование (екологија, сообраќај, родова еднаквост и сл.) | 120.000 | 2,5 % |
| Создавање стимулативна средина и опремување градинки со помагала | 150.000 | 3 % |
| Вработување на воспитно-образовен кадар во детска градинка | 920.000 | 19,3 % |
| Детски градинки - плати, материјални трошоци и други расходи | | |

*Извор: Програма за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Во програмата за култура, пак, е предвидена финансиска поддршка на автори/ки и на уметници/чки, со што јасно се наведени жените како можни добитници на оваа поддршка. Дополнително, сите активности насочени кон културни настани за деца ги категоризираме како соодветни за унапредување на родовата еднаквост, со оглед на тоа што придонесуваат за поквалитетно слободно време на децата и на нивните родители, а особено на мајките. Овие настани даваат можност да се промовираат вредности што ја истакнуваат родовата рамноправност и можат да придонесат кон подигање на свеста за овие прашања. Издвојувањето за овие активности во рамки на целата програма за култура е помалку од седум проценти.

**ТАБЕЛА 3.4**

**Активности во програмата за култура индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост**

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Финансиска поддршка на автори/авторки и на уметници | 160.000 | 3,9 % |
| Детски фестивал „Соната“ | 70.000 | 1,7 % |
| Божикна претстава за деца | 50.000 | 1,2 % |

*Извор: Програма за култура на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Програмата за спорт, рекреација и за поддршка на НВО предвидува финансиска поддршка на спортски клубови и на спортисти, во износ од шест милиони денари, а во програмата е јасно наведено вклучувањето на родовата перспектива. Оттука, оваа

активност е соодветна за засилување на улогата на жените во спортот, но единствениот женски спортски клуб што добил финансиска поддршка од 40 илјади денари е ракометниот клуб Ѓорче Петров, што е само 0,6 проценти од вкупната програма за спорт и 0,8 проценти од вкупниот буџет за финансиска поддршка на спортски клубови. Во однос на ставката за финансиска поддршка на спортисти, од предвидените еден милион денари, во 2020 година се доделени само 44 илјади денари, што може да укажува на ограничени можности за алокација на планираната сума поради состојбата предизвикана од пандемијата.

**ТАБЕЛА 3.5**

### Активности во програмата за спорт индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Финансиска поддршка на спортски клубови | 40.000 | 0,6 % |
| Финансиска поддршка на спортисти | 44.000 | 0,7 % |

*Извор:Програма за спорт на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Во програмата за образование, средствата наменети за создавање стимулативна средина за учење и за опремување на училиштата со нагледни средства и помагала ќе придонесе кон поквалитетна настава и помала потреба децата да учат дома со своите родители и оттука намалување на неплатената работа во домот на жените, па затоа оваа активност е индиректно насочена кон унапредување на родовата еднаквост. Активностите за поддршка на учениците и на наставниците да организираат натпревари, како и наградата за талентирани ученици/чки и наставници/чки е индиректно насочена кон унапредување на родовата еднаквост, со оглед на тоа што во дел 1.3 видовме дека поголем дел од наставниците во основните и во средните училишта во општина Ѓорче Петров се жени. Во таа насока и активноста за вработување кадар во основните училишта е соодветна за унапредување на родовата еднаквост. Настаните наменети за деца, пак, ќе го подобрат квалитетот на слободното време на децата и на нивните родители, а воведувањето на здрава ужина во училиштата има позитивно влијание врз здравјето на децата, што, од друга страна, ќе ја намали потребата од боледување на родители, најчесто на мајките што се грижат за своите деца. За крај, ангажманот на образовни и на лични асистенти за децата со попреченост ќе ја олесни грижата на родителите, значително ќе го намали времето поминато во неплатена грижа и ќе овозможи поголема активација на пазарот на труд.

**ТАБЕЛА 3.6**

### Активности во програмата за образование индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Создавање стимулативна средина и опремување училишта | 600.000 | 15,9 % |
| Поддршка на ученици/чки и на наставници/чки за организација натпревари | 210.000 | 5,6 % |
| Награди за талентирани ученици/чки и наставници/чки | 80.000 | 2,1 % |
| Детски маскенбал „Априлијада“ | 60.000 | 1,6 % |
| Детска ликовна колонија | 60.000 | 1,6 % |
| „Здрава храна за здрави деца“ – бесплатна ужина | 1.700.000 | 45,3 % |
| Вработување кадар во основни училишта | 220.000 | 5,7 % |
| Образовни и лични асистенти | 195.000 | 5,2 % |

*Извор:Програма за образование на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Програмата за урбано планирање, според износот, е, веројатно, најголема, но само две активности, со вкупно учество од 1,2 процент, се категоризираат како индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост: 1) Изградба на пешачки патеки и на пристапни патеки низ паркови и зелени површини; и 2) Изградба на водоводна мрежа. Со првата активност ќе се олесни движењето и мобилноста на жените и на мажите, а особено на мајки со детски

колички, а изградбата на водоводната мрежа ќе ги олесни обврските во домаќинството, со посебен фокус на жените.

**ТАБЕЛА 3.7**

### Активности во програмата за урбано планирање индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Изградба на патеки | 500.000 | 0,4 % |
| Изградба на водоводна мрежа | 1.000.000 | 0,8 % |

*Извор:Програма за урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Во програмата за комунални дејности е предвидена изградба на водоводна мрежа во рурални населени места, иако и во програмата за урбано планирање е предвидена изградба на водоводна мрежа, без да се знае за кое населено место се однесува. Оваа активност е значајна за родовата еднаквост бидејќи овозможува скратување на времето посветено на извршување активности во домот поврзани со хигиена, но, исто така, и извршување земјоделски активности во кои жената е често ангажирана како неплатен семеен работник. На ваков начин, директно се влијае на зголемување на слободното време, кое може да биде насочено кон едукација, дополнителна платена работа или активација на пазарот на трудот, како и услови што овозможуваат зголемена хигиена (лична и на семејството).

**ТАБЕЛА 3.8**

### Активности во програмата за комунални дејности индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Изградба на водоводна мрежа во рурални подрачја | 6.400.000 | 45,2 % |

*Извор: Програма за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Во програмата за јавна чистота се алоцирани 300 илјади денари (3,2 проценти од вкупната програма) за фаќање бездомни кучиња – активност што би ја зголемила безбедноста на жените и на мажите за слободно движење низ општината, кои, според наодите од фокусните групи, се плашат да се движат низ општината. Ако се земе предвид дека уличните кучиња се еден од главните ризици што го прави користењето јавни простори небезбедно („Реактор“ и UN Women, 2020 година)[8] нивното фаќање ќе ја зголеми мобилноста на жителите, особено на жените, и ќе овозможи поголема искористеност на јавниот простор.

Програмата за изградба и за одржување јавни објекти предвидува изградба на повеќе објекти значајни за жителите на општината: 1) Детски градинки, кои се важни во намалувањето на неплатениот труд за грижа за деца со цел поголема активација на жените на пазарот на труд, како ѝ овозможување квалитетно и достапно предучилишно воспитување и грижа; 2) Детски игралишта, базени и спортска сала што ќе го подобрат квалитетот на слободно време на децата и на родителите. Недостигот од слободни места за згрижување деца во предучилишна возраст е евидентен. Во дел 1.4 видовме дека 607 деца не биле згрижени поради недостиг од место, а постојните објекти се преоптоварени со згрижување на повеќе деца од капацитетот. Сепак, Општината континуирано вложува во овој домен, а жителите на општината особено го истакнуваат фактот дека руралните населени места не се изоставени. Тоа ќе придонесе за зголемување на родовата еднаквост и во руралните населени места и за подобрување на положбата на жените што живеат таму.

*Имаше потреба од детска градинка и можам да кажам дека најубавата градинка се гради тука кај нас во Волково. Тоа е голем успех. Ние сме четиринаесет или петнаесет илјади жители на овој дел, а досега немавме детска градинка... -* ***жителка на Ѓорче Петров.***

Жителите на општината го посочуваат недостигот од спортски терени, што во минатото функционирале во рамки на училиштата во општината и нуделе можност за квалитетно исполнување на слободното време за сите жители. Особено голем недостиг на детски

[8] „Реактор“ и UN Women (2020) Родовобазирано насилство на јавни места во Скопје

игралишта се забележува во руралните населени места, со оглед на тоа што, според жителите, сите ресурси за изградба и одржување детски игралишта се насочени кон урбаниот дел на општината.

*Во основното училиште „Мирче Ацев“ порано имаше тениски терени, кои, за жал, веќе не се во функција, а нудеа содржина за сите жители, и деца, и возрасни, и мажи и жени... би било супер ако може повторно да ни се врати таа содржина - **жителка на Ѓорче Петров.***

**ТАБЕЛА 3.9**

### Активности во програмата за јавни објекти индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Изградба на детска градинка | 4.000.000 | 13,6 % |
| Изградба на детски игралишта | 3.500.000 | 11,9 % |

*Извор: Програма за јавни објекти на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Во програмата за одржување и развој на јавно осветлување се предвидени нови инвестиции во вредност од седум милиони денари, со што ќе се зголеми безбедноста при движење на жителите во општината, а подобреното јавно осветлување може да придонесе и до подобра искористеност на јавниот простор („Реактор“ и UN Women, 2020 година)[9]. Активности соодветни за унапредување на родовата еднаквост се предвидени и во програмата за заштита, спасување и кризи, каде што се предвидува организирање обуки за вработени во училиштата и во детските градинки (кои најчесто се жени) од областа на заштита и спасување, одржување на противпожарните апарати во училиштата и во градинките и нивна редовна дезинфекција и дератизација.

**ТАБЕЛА 3.10**

### Активности во програмата за заштита, спасување и кризи индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

| Активност | Буџет | Учество во вкупна програма |
|---|---|---|
| Организирање обуки за вработени во училишта и во градинки | 40.000 | 0,4 % |
| Одржување противпожарни апарати во училишта и во градинки | 120.000 | 1,2 % |
| Дезинфекција и дератизација во училишта и во градинки | 300.000 | 2,7 % |

*Извор: Програма за заштита, спасување и кризи на Општина Ѓорче Петров за 2020 година*

Во програмите за меѓународна соработка, локален економски развој, животна средина и локални патишта не се предвидени активности што директно или индиректно се насочени кон унапредување на родовата еднаквост.

[9] „Реактор“ и UN Women (2020) Родовобазирано насилство на јавни места во Скопје

### 3.3.3 Буџетска структура на активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Прегледот на структурата на програмите на Општина Ѓорче Петров од аспект на соодветноста на активностите за родовата еднаквост е направен според категоризацијата спомената во дел 2 каде што со 1 и со 2 се категоризираат активности што се насочени кон унапредување на родовата еднаквост и со 0 доколку не придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во општината, притоа водејќи сметка за приоритетите и за потребите предизвикани од КОВИД-19.

Графикон 3.3 прави сумарен преглед на структурата на програмите на Општина Ѓорче Петров од аспект на вклученоста на родовата перспектива во активностите и во програмите. Притоа, од вкупно 18 програми, во 12 програми има активности што се директно или индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост. Таквата застапеност е, генерално, позитивна, од аспект што активностите насочени кон унапредување на родовата еднаквост се диверзификувани за различни намени. Сепак, во структурата на програмите доминираат активности што не може да се поврзат со еднаквите можности, со исклучок на програмите за: еднакви можности на жените и на мажите, каде што издвоените средства се 100 проценти за активности за родова еднаквост, и програмите за: социјална заштита (99,7 проценти) и за комунални дејности (45,2 проценти), каде што издвоените средства во голема мера се соодветни за унапредување на родовата еднаквост.

**ГРАФИКОН 3.3**

**Структура на програмите на Општина Ѓорче Петров од аспект на соодветност на активностите за унапредување на родовата еднаквост**




***Извор:*** *Програми и буџет на Општина Ѓорче Петров, пресметка на авторите*

Графикон 3.4 ги претставува издвоените средства од Општина Ѓорче Петров за програми според соодветноста за родова еднаквост, во вкупен износ, и нивното учество во вкупниот буџет на Општината. Анализата покажува дека издвоените средства за активности што на директен или индиректен начин се поврзани со унапредување на родовата еднаквост изнесуваат 14,99 проценти од вкупниот буџет. Од издвоените средства за активности и за ставки директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост се наменети само 0,14 проценти од вкупниот буџет на Општината и 14,85 проценти за активности што индиректно придонесуваат кон подобрување на еднаквите можности на жените и на мажите.

**ГРАФИКОН 3.4**

## Издвоени буџетски средства според категоризација на програмите




***Извор:*** *Програми и буџет на Општина Ѓорче Петров, пресметка на авторите*

Издвоените средства за активности што се директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост се релативно малку, сепак, индиректното влијание на планираните средства во други програми е еднакво значајно доколку намената е во стратегиски програми. Графикон 3.5 прави преглед на учеството на издвоените средства во вкупниот буџет од аспект на намената или програмата. Резултатите покажуваат дека директно издвоените средства за родова еднаквост се во програмите за: социјална заштита, спорт, рекреација и поддршка на невладин сектор (и индиректно издвојување), еднакви можности на жените и на мажите и протоколарни активности и востановени традиционални активности и нивното вкупно учество во буџетот е 0,14 проценти. Активностите што се индиректно насочени кон родова еднаквост и засилување на жените, пак, освен во програмата за спорт, рекреација и поддршка на невладин сектор, се уште во две клучни програми, социјална заштита (12,02 проценти од вкупниот буџет), комунални

дејности (0,92 проценти од вкупниот буџет) и изградба и одржување јавни објекти (1,08 проценти од вкупниот буџет), а кај другите програми учеството на издвоени средства од вкупниот буџет е маргинално, помало од 0,05 проценти. Од аспект на квалитет, генералниот заклучок е дека издвоените средства за унапредување на родовата еднаквост имаат потенцијал да го подобрат квалитетот на живот на жените и на мажите од неколку аспекти. Прво, издвоени се средства во хетерогени активности, што може да влијае на подобрување на квалитетот на живот на жените и на мажите од различни аспекти (пристап до јавни услуги, социјална заштита, афирмативни активности на родовата перспектива и слично). Потоа, инвестициите во активности од програмата за еднакви можности на жените и на мажите ќе овозможат промоција на родовата еднаквост, но и поставување механизам за засилување на позицијата на жените во општината. Следно, инвестициите во нова детска градинка и зголемениот капацитет за згрижување деца во ран детски развој би создале околина за нивна активација на пазарот на труд, преку инвестиции во нова детска градинка, која би го зголемила капацитетот за деца во ран детски развој. Дополнително, преку инвестициите во комунални дејности ќе се подобри инфраструктурната поставеност што е значајна за жените и за мажите, а особено за тие од руралните населени места.

**ГРАФИКОН 3.5**

## Издвоени средства соодветни за унапредување на родова еднаквост, според програма и категоризација




***Извор:*** *Програми и буџет на Општина Ѓорче Петров, пресметка на авторите*

# 4. СОСТОЈБА СО КОВИД-19 НА ЛОКАЛНО НИВО

## 4.1 Движење на КОВИД-19

Првиот случај на КОВИД-19 во Република Северна Македонија беше регистриран во Скопје на 26.2.2020 година. Оттогаш, па сè до денес, бројот на заразени како на глобално ниво, така и во земјава постојано расте, континуирано се регистрираат нови потврдени случаи, а во последниот месец појавата на новозаразени случаи е со исклучително голем интензитет. Статистиката на Институт за јавно здравје нема податоци за бројот на заразени, оздравени, починати и активни случаи за општините што се дел од град Скопје, туку се води сумарна статистика на ниво на град Скопје. Оттука, остануваат непознати бројките за општина Ѓорче Петров. Единствено, може да се најдат податоци за бројот на активни случаи на општинско ниво, прикажани во табела 4.1, кои покажуваат нагорен тренд, особено во периодот мај – јуни и септември – октомври кога бројот на активни случаи пораснал за повеќе од 330 лица.

**ТАБЕЛА 4.1**

**Број на активни случаи на КОВИД-19 во Ѓорче Петров**

| Период | Активни случаи |
|---|---|
| До 31.3.2020 | 15 |
| До 30.4.2020 | - |
| До 31.5.2020 | 9 |
| До 30.6.2020 | 115 |
| До 31.7.2020 | 128 |
| До 31.8.2020 | 47 |
| До 30.9.2020 | 52 |
| До 31.10.2020 | 388 |

***Извор:*** *Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје*

На почетокот на кризата, во март 2020 година, општина Ѓорче Петоров е на врвот на листата на скопски општини според бројот на заболени лица. Па така, на 27 март 2020 година, Ѓорче Петров со 11 лица е петта општина според бројот на заболени лица, по Карпош, Гази Баба, Кисела Вода и Центар. [10]

## 4.2 Здравствена заштита на локално ниво

Како што споменавме претходно, на територија на општина Ѓорче Петров се наоѓа поликлиника „Ѓорче Петров“, која обезбедува услуги од примарна и од превентивна здравствена заштита, а неодамна е отворен и пункт за тестирање на пациентите за КОВИД-19. Но, оваа установа не нуди болничко лекување на пациентите заболени од КОВИД-19, па затоа, жителите на оваа општина се хоспитализираат во Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и во одделението за инфективни болести при Општата градска болница „8 Септември“, во одделение за инфективни болести, како и во другите центри за КОВИД-19 што функционираат на територија на град Скопје.

## 4.3 Мерки за спречување на ширењето на вирусот

За спречување на ширењето на КОВИД-19 и за заштита на населението од негативните последици, Општина Ѓорче Петров формираше координативно тело во кое членува и координаторката за еднакви можности, со цел преземање соодветни активности.

Една од активностите, чијашто главна цел е спречување на ширењето на вирусот, е набавка и донација на средства за дезинфекција во локалните градинки и училишта, што може да се забележи од зголемениот буџет во програмата за јавна чистота.

Според информација добиена од координаторката за еднакви можности[11], Општината набавила и донирала таблети, но бројот на таблети и потрошените средства е непознат и од достапниот буџет не може да се утврди од која ставка се набавени и исплатени.

Во соработка со Црвен крст, пак, е формиран волонтерски тим за помош во домот преку достава на лекови и на храна на лица што се заразени и имаат потреба од тоа, а, исто така, се поделени и социјални пакети со хигиенски средства и со храна на социјално загрозени домаќинства.

[10] https://mia.mk/od-skopskite-opshtini-na-mnogu-zaboleni-27-ima-vo-karposh-vozrasta-na-zabolenite-vo-zem-ava-od-2-do-91-godina/

[11] Информација добиена од интервју со координаторката за еднакви можности, спроведено на 16 декември 2020 година

# 5. БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ПО КОВИД-19

Општина Ѓорче Петров не остана имуна на појавата и прогресот на КОВИД-19, кој имаше влијание врз буџетот на Општината. Од една страна, приходите на Општината се намалија, наспроти зголемените потреби за поголемо трошење за одредени активности. Според тоа, Општината направи ребаланс во текот на 2020 година, на буџетот за тековната година. Во овој дел анализираме како ребалансот на буџетот на Општината влијаеше врз програмите и активностите што во дел 3 ги категоризиравме како директно или индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост.

Табела 5.1 прави преглед на промените во финансиските средства алоцирани во програми со родово специфични активности. За разлика од другите општини каде што ребалансот на буџетот се одрази негативно врз овие програми, во Општина Ѓорче Петров имаше позитивна промена. Вкупно, буџетските расходи беа намалени за 2,29 проценти, но активностите што треба да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост, во просек, беа зголемени за 0,19 проценти, што укажува на тоа дека овие активности биле заштитени. Најголем придонес кон ваквата промена е резултат на активностите што на индиректен начин придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост. Сепак, ставките што имаат директен придонес кон родовата перспектива беа драстично намалени, за 48 проценти. Програмата за еднакви можности на жените и на мажите беше намалена за 60 проценти, а со слично намалување од 55 проценти беше директната активност за унапредување на родовата еднаквост во спортот. Во целост се избришани и двете активности од програмата за социјална, детска и здравствена заштита, што може на директен начин да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост во општината: 1) Обуки за професионален развој на воспитно-згрижувачкиот кадар и 2) Центар за советување за жртви на семејно насилство. Веројатно, активностите за организирање спортски настани и обуки не се реализирани поради рестриктивните мерки за ограничување на движење и на групирање, како заштита од ширење на КОВИД-19. Сепак, активноста за финансирање центар за советување за жртви на семејно насилство е особено значајно во услови на пандемија, кога бројот на случаи на семејно насилство е зголемен, па ѝ потребата од финансирање ваков центар е голема.

За разлика од директните ставки за унапредување на родовата еднаквост, кај индиректните активности што придонесуваат кон таа цел е забележано вкупно зголемување, иако постои хетерогеност меѓу различни активности. Здравствената криза предизвикана од КОВИД-19 ја наметна потребата за одржување на вкупната хигиена на повисоко ниво, па Општина Ѓорче Петров ги зголеми средствата за јавна чистота, вклучувајќи и дополнителни средства за дезинфекција. Слично, активностите од програмата за изградба и одржување јавни објекти во просек се зголемиле за два милиона денари. Во оваа програма има зголемување на планираните средства од ставката за изградба на детска градинка за дополнителни два милиона денари. Инвестирањето во детски градинки во услови на криза е исклучително позитивен пример и општината треба да ја применува оваа заложба и во годините што следуваат. Како што видовме во дел 1.4, 607 деца не биле примени во градинка поради недостиг од слободни места, па изградбата на нови детски градинки и / или проширување на постојните капацитети мора да продолжи и во услови на пандемија со цел забрзано унапредување на родовата еднаквост во општината. Намалување има кај активностите што се поврзани со одржување јавни собири и кај трансферите по основа на блок-дотации. Но, истовремено има зголемување кај активностите што придонесуваат кон намалување на ранливоста на жителите (еднократната помош за физички лица и новороденче), што во услови на здравствена криза, проследена со негативни ефекти врз доходот, може да биде од големо значење иако износот предвиден како еднократна помош е релативно мал.

Во согласност со финансискиот потенцијал на Општината, ова се само дел од програмите што може да ја ублажат ранливоста на одредени категории граѓани. Во поголем дел, мерките и програмите што ја ублажуваат социјалната ранливост и негативните ефекти од КОВИД-19 беа дистрибуирани преку централниот буџет. Кризата предизвикана од КОВИД-19 ги запре децениските позитивни трендови

на намалување на стапката на сиромаштија и на невработеност. Стапката на релативна сиромаштија се зголеми за 1,2 процентен поен (од 22,5 проценти на 23,7 проценти), што претставува околу 25.000 лица втурнати во сиромаштија како последица на кризата[12]. Пандемијата ги погоди речиси сите. Но, ранливите категории граѓани се чини дека се позасегнати, како што се семејствата со повеќе деца. Па, така, процените се дека кризата предизвикана од КОВИД-19 ја зголеми детската сиромаштија од 29,3 проценти пред кризата, на 33,3 проценти за време на кризата и втурна во релативна сиромаштија дополнителни 16.000 деца[13]. Девојчињата се во неповолна положба во однос на паѓање во сиромаштија, иако пандемијата ја зголемува релативната стапка на сиромаштија за двата пола речиси еднакво. Олеснетите услови за здобивање гарантирана минимална помош имаат потенцијал да придонесат за намалување на екстремната сиромаштија за околу една четвртина, односно да извлечат од екстремна сиромаштија околу 24 илјади лица. Исто така, мерката „14.500 денари по вработен" придонесе да се зачуваат од 50 до 65 илјади работни места изложени на ризик да бидат изгубени (Finance Think, 2020 година)[14]. Сепак, една од клучните мерки што имаат вградена родова перспектива е мерката за продолжувањето на платеното родителско отсуство од работа заради бременост, породување, родителство и посвојување. Според податоци од фондот за здравствено осигурување, оваа мерка ја искористија 4.655 родители (доминантно мајки) и беа потрошени 363 милиони денари. Наодите од истражувањето на UN Women (2020 година)[15] покажаа дека оваа мерка е исклучително искористена од вработени жени од урбаните населени места.

Наставата на далечина е една од најкарактеристичните и најголеми промени во испораката на образованието, а директно предизвикани од кризата предизвикана од КОВИД-19. Од родова перспектива, тоа влијаеше и врз зголемување на времето на родителите, особено на мајките, посветено на помош во совладување на материјалот на децата. Според UN Women (2020 година)[16], за време на пандемијата, времето поминато во подучување, настава и во обука на децата од страна на жените се зголемило за 20 проценти Сепак, сите ставки за унапредување на родовата перспектива во програмата за образование забележаа драстични намалувања предизвикувајќи вкупно намалување од 55 проценти. За дел од ставките како „здрава храна за здрави деца", постојат рационални објаснувања, поради отсуството на физичко присуство во училиштата. Но, место намалување, ставката за создавање стимулативна средина за учење и за опремување на училиштата со нагледни средства и помагала можело да се пренамени и да се инвестира во новонастанатите потреби на наставниот кадар и на ранливите семејства за овозможување подобри услови за следење на наставата на далечина.

Една од програмите со развојна компонента е и изградба и одржување јавни објекти и сите ставки од оваа програма, кои придонесуваат кон унапредување на родовата еднаквост, се зголемени со ребалансот на буџетот. Очекувано, активностите поврзани со спорт и со култура, кои се насочени кон организација на јавни настани, се намалени.

Воспоставување еднакви можности, третман и статус на жените и на мажите во општеството е активност што треба да се спроведува континуирано на сите нивоа на власт и од сите клучни фактори во општеството, со цел

[12]Finance Think (2020) Колку КОВИД-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија? Бриф за политиката бр. 43 на Finance Think – Институт за економски истражувања и политика, Скопје
[13]UNICEF (2020) Социјалните и економските ефекти од КОВИД-19 врз децата во Северна Македонија: брза анализа и препораки за политиката
[14]Finance Think (2020) Дали беше неопходна финансиската поддршка на фирмите за задржување на работните места во време на КОВИД-19? Бриф за политиката бр. 41 на Finance Think – Институт за економски истражувања и политика, Скопје
[15]UN Women (2020) Влијанието на КОВИД-19 врз жените и мажите во Северна Македонија
[16]UN Women (2020) Влијанието на КОВИД-19 врз жените и мажите во Северна Македонија

**ТАБЕЛА 5.1**

## Промени во буџетот на програмите со родова перспектива, настанати со ребалансот за 2020 година; во илјади денари

| Програма/ставка | Планиран буџет, во 000 денари | | Ребаланс, во 000 денари | | Промени, во апсолутен износ, 000 денари | | промени во % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| **Вкупен буџет** | **695.619** | | **679.672** | | **(16.669)** | | **-2.39%** | |
| Еднакви можности на жените и на мажите | 250 | - | 100 | - | (150) | - | -60% | |
| **Социјална, детска и здравствена заштита (со трансфери и инвестиции во детски градинки)** | **280** | **83.637** | **200** | **83,731** | **(80)** | **94** | **-29%** | **0,11%** |
| Центар за советување за семејно насилство во Општина Ѓорче Петров | 200 | | 200 | - | - | - | 0% | |
| Обуки за професионален развој на воспитно-згрижувачкиот кадар | 80 | | - | - | (80) | - | -100% | |
| Физички лица корисници на еднократна парична помош | | 1.400 | | 1.600 | - | 200 | | 14% |
| Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2020 год. | | 1.500 | | 1.600 | - | 100 | | 7% |
| Патролна социјална служба | | 130 | | 130 | - | - | | 0% |
| Прослава на 55 години на градинката Росица | | 120 | | - | - | (120) | | -100% |
| Поддршка и партиципација на проекти од областа на предучилишното образование и воспитание | | 120 | | 120 | - | - | | 0% |
| Вработување воспитно-згрижувачки кадар во градинката | | 920 | | 940 | - | 20 | | 2% |
| Детски градинки од самофинансирани активности и блок-трансфери | | 79447 | | 79.341 | - | (106) | | 0% |
| **Култура и поддршка на невладиниот сектор** | | **280** | **-** | **256** | **-** | **(24)** | | **-9%** |
| Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата | | 160 | - | 126 | - | (34) | | -21% |
| Детски фестивал „Соната" | | 70 | - | 70 | - | - | | 0% |
| Божиќна претстава за деца | | 50 | - | 60 | - | 10 | | 0 |
| **Спорт, рекреација и поддршка на невладиниот сектор** | **425** | **84** | **191** | **84** | **(234)** | **0** | **-55%** | **0** |
| Општински сојуз на училиштен спорт: -„4 Fast 4 Furious"- Забавно спортска рекреација за деца со мултиетнички карактер, со еднакви можности и мешовити тимови од машки и од женски | 425 | - | 191 | - | (234) | - | -55% | |
| Поддршка и помагање професионални и аматерски клубови | - | 40 | - | 40 | - | 0 | | 0 |
| Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров | - | 44 | - | 44 | - | (700) | | -70% |
| **Образование** | | **3.125** | **-** | **1.415** | **-** | **(1.710)** | | **-55%** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Создавање стимулативна средина за учење и за опремување на училиштата со нагледни средства и помагала | | 600 | - | - | - | (600) | | -100% |
| Поддршка на учениците и на наставниците за организација на училишни и општински натпревари и за учество на регионални, државни и на меѓународни натпревари | | 210 | - | 100 | - | (110) | | -52% |
| Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината | | 80 | - | - | - | (80) | | -100% |
| „Априлијада“ – детски маскенбал | | 60 | - | - | - | (60) | | -100% |
| Детска ликовна колонија | | 60 | - | - | - | (60) | | -100% |
| „Здрава храна за здрави деца“ - бесплатна ужина на учениците во I одделение во основните училишта | | 1.700 | - | 900 | - | (800) | | -47% |
| Вработување наставен и ненаставен кадар во основните училишта | | 220 | - | 220 | - | - | | 0% |
| Финансиска поддршка за проектот ,,Општо корисна работа“ финансиран од МТСП и од УНДП. Ангажирање 13 образовни и лични асистенти на децата со посебни потреби во основните училишта | | 195 | - | 195 | - | - | | 0% |
| **Протоколарни активности и востановени традиционални активности** | **10** | | **10** | | **-** | **-** | **0%** | |
| Меѓународен ден на жената | 10 | | 10 | | - | - | 0% | |
| **Урбано планирање „Ф“** | | **1.500** | **-** | **1.500** | **-** | **-** | | **0%** |
| Изградба на пристапни патеки по барање на УЗ и на МЗ | | 500 | | 500 | - | - | | 0% |
| Изградба на водоводна мрежа и приклучоци за формирање кружни текови во урбаниот дел на општината | | 500 | | 500 | - | - | | 0% |
| Изградба на водоводни кружни приклучоци на водоводни краци во урбаниот дел на општината | | 500 | | 500 | - | - | | 0% |
| **Комунални дејности** | | **6.400** | | **5.400** | **-** | **(1.000)** | | **-16%** |
| Изградба на водоводна мрежа и краци во рурален дел (Стопански Двор, Волково, Пржина и Кисела Јабука) за обезбедување кружни текови, со куќни приклучоци | | 1.000 | | - | - | (1.000) | | -100% |
| Доизградба на водоводот на ул.1, Ново Село | | 400 | | 400 | - | - | | 0% |
| Доизградба на водоводната мрежа во с. Никиштане | | 5.000 | | 5.000 | - | - | | 0% |
| **Јавна чистота** | | **300** | | **700** | **-** | **400** | | **133%** |
| Дезинфекција, дезинсекција и дератизација –планирани средства за фаќање и третман на кучиња-скитници (Град Скопје) | | 300 | | 700 | - | 400 | | 133% |
| **Изградба и одржување јавни објекти** | | **7.500** | | **10.100** | **-** | **2.600** | | **35%** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на проектна документација за детска градинка во Стопански Двор | | 500 | | 500 | - | - | | 0% |
| Изградба на детска градинка во Волково(МТСП) - Доградба на детска градинка „Детелинка“ (МТСП) + Општина 3.500.000) | | 3.500 | | 6.100 | - | 2.600 | | 74% |
| Изградба на детски игралишта | | 3.500 | | 3.500 | - | - | | 0% |
| **Заштита, спасување и кризи** | | **460** | | **760** | **-** | **300** | | **65%** |
| Организирање предавања за вработените и за учениците од основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината, од областа на заштитата и на спасувањето | | 40 | | 40 | - | - | | 0% |
| Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во општината, месните и урбаните заедници, ЈОУДГ „ Росица“ и основните училишта | | 120 | | 120 | - | - | | 0% |
| Редовна дезинфекција и дератизација на општинските објекти, основните училишта, објектите на ЈОУДГ „ Росица“ и шахтите на територијата на општината. | | 300 | | 600 | - | 300 | | 100% |
| **Вкупно издвоени средства** | 965 | 103.286 | 501 | 103.946 | (464) | 660 | -48% | 0.64% |

***Извор:*** *Службен весник на Општина Ѓорче Петров број 7, 9 и 10, 2020 година.*

# 6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

намалување на минимум на родовиот јаз што постои во клучните сфери на дејствување и на живеење. Општините, како посебни организациски субјекти, се едни од клучните субјекти одговорни за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Во таа насока, тие се должни да формираат комисија за еднакви можности што учествува во создавање и во спроведување на сите локални планови, програми и стратегии со цел принципот на еднакви можности да се вгради во сите локални стратегиски документи.

Во Општина Ѓорче Петров е формирана комисија за еднакви можности како постојно тело, чиишто членови учествуваат во разгледување на сите други програми што се изработуваат на локално ниво, со цел вклучување на принципот на еднакви можности. Освен во програмата за еднакви можности, активности, чијашто примарна цел е унапредување на родовата еднаквост во општината, има само уште во две други програми: социјална заштита и спорт. Во другите локални програми се идентификувани активности што може индиректно да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, како на пример финансиска поддршка на авторки и на уметници, спортски клубови и спортистки, вработување кадар во детски градинки и училишта, изградба на водоводна мрежа, јавно осветлување и сл. Но, овие активности се дел од само 12, од вкупно 18 локални програми, што укажува на тоа дека во еден дел од локалните програми принципот на еднакви можности и различните потреби на жените и на мажите не се земени предвид. Дополнително, за финансирање на овие активности се издвоени 14,99 проценти од буџетот на Општината, од кои 0,14 проценти за активностите, чијашто примарна цел е унапредување на родовата еднаквост. Оттука, препорачуваме **вградување на принципот на еднакви можности во сите локални програми преку планирање активности што (ин)директно ќе ја подобрат родовата еднаквост и издвојување поголеми средства од локалниот буџет насочени кон воспоставување еднакви можности за жените и за мажите во општината.**

Во согласност со наодите од ова истражување, главен приоритет за Општината треба да биде **отворање нови слободни места за згрижување деца во предучилишна возраст,** со оглед на големиот број деца (607) што не се згрижени поради недостиг од места во локалната градинка и преоптовареност на постојните капацитети. Затоа, во **<u>програмата за социјална заштита</u>**, локалните власти треба да продолжат дел од своите финансиски средства да ги насочуваат кон подобрување на квалитетот на услугите што се нудат во постојната детска градинка преку создавање стимулативна средина и вработување дополнителен кадар. Исто така, во оваа или во **<u>програмата за јавни објекти,</u>** општината да продолжи со планирање активности за **изградба на нова детска градинка** за да се реши проблемот со недостиг од слободни места. Овие активности директно ќе ја зголемат родовата еднаквост во општината, со оглед на тоа што на родителите што се грижат за децата, најчесто мајките, ќе им се намали неплатената работа за грижа и ќе имаат можност за активација на пазарот на труд.

Дополнително, во програмата за социјална работа се потребни активности за **поддршка на услугите што ги нуди дневниот центар за лица со попреченост „Порака“,** со оглед на тоа што во општината нема ваков јавен центар што е под надлежност на МТСП. Со поддршка на центарот „Порака“ може да се подобри квалитетот на услугите што им се нудат на лицата со попреченост и / или да се зголеми неговиот капацитет, што индиректно ќе влијае позитивно врз родовата еднаквост во општината. Имено, вклучувањето на децата со попреченост во овој центар може значително да ги намали обврските на родителите, особено на мајките, за нега и за грижа и, од друга страна, да влијае врз активација на пазарот на труд.

И старите лица што живеат во општината имаат потреба од згрижување или други форми и услуги за нивна социјална заштита, со оглед на тоа што староста е еден од главните социјални ризици во општината и во земјава воопшто (Петрески и др. 2019 година)[17].

[17] <u>Петрески, М., Туманоска, Д., и Петрески, Б. (2019) Социјални услуги во општините во Северна Македонија: Капацитет и ризици. Finance Think – Институт за економски истражувања и политика, Скопје</u>

Оттука, препорачуваме општината да предвиди активности за **поддршка на постојниот дом за стари лица,** со цел подобрување на квалитетот на услугите, но и зголемување на капацитетот за згрижување нови лица. Исто така, потребни се и други социјални услуги насочени кон стари лица, како **помош и нега во домот,** со цел олеснување на животот на овие лица, но и на лицата што се грижат за нив, најчесто женските членови на семејството.

Жртвите на семејно насилство се категорија граѓани што не смее да биде занемарена во програмата за социјална заштита, особено што во услови на пандемија е забележан пораст на семејното насилство (Петрески и др. 2021 година, следува)[18]. Според OSCE (2019 година)[19] финансиски зависните и социјално загрозени жени се најранливи на семејно насилство и имаат голема потреба за финансиска поддршка и згрижување на подолг временски период. Затоа, Општината треба да предвиде активности и буџет за **психо-социјална поддршка и економско засилување на жртвите на семејно насилство** и да продолжи со поддршка на центар за советување за овие лица, активност што не е реализирана во 2020 година.

Жителите на општина Ѓорче Петров го истакнуваат проблемот со несоодветна инфраструктура што го оневозможува движењето и мобилноста на жителите, особено на родители со детски колички и на лица со попреченост. Затоа, препорачуваме Општината да продолжи со издвојување средства за **изградба на пешачки патеки** во **<u>програмата за урбано планирање,</u>** со цел подобрување на квалитетот на живот на жените и на мажите.

На крај, Општината треба да продолжи со **инвестиции во нови детски игралишта,** но дел од средствата во програмата за јавни објекти треба да ги насочи и кон **изградба на детски игралишта во руралните населени места,** со оглед на тоа што жителите го истакнуваат недостигот од површини и од игралишта за квалитетно слободно време на родителите. Тоа се однесува и на **изградба и одржување паркови и зелени површини** во цела општина, урбан и рурален дел, каде сè уште има голем недостиг од површини за рекреација на жените и на мажите, возрасните и младите жители на општина Ѓорче Петров.

Програмата за еднакви можности на Општина Ѓорче Петров предвидува спроведување на само две активности: учество на дводневна обука и соработка со НВО. Но, и двете активности се насочени кон зголемување на капацитетите и на вештините на членовите на КЕМ за вклучување на родовата перспектива и за примена на родово одговорно буџетирање во локалните програми што, секако, е клучно и неопходно. Сепак, во програмата недостигаат активности што ќе ги адресираат различните предизвици поврзани со родовата еднаквост во општината. Затоа, препорачуваме, при создавање на програмата за еднакви можности, Општина Ѓорче **Петров да вклучи и активности што се директно насочени кон жените и мажите, жители на општината.** Во програмата се алоцирани 250 илјади денари, кои со ребалансот на буџетот се намалени на 50 илјади денари, со оглед на тоа што предвидените активности не се реализирани поради рестриктивните мерки и забраните за движење и за групирање во време на пандемија.

Поради пандемијата не се реализирани и други активности што во дел 3.3 се категоризирани како директно или индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост. Меѓу нив има и активности, чиешто спроведување било потребно во време на пандемија, но не се реализирале. На пример, не е реализирана активноста за финансиска поддршка на центар за советување за жртви на семејно насилство. Ако се земе предвид дека во текот на пандемијата бројот на случаи на семејно насилство бележи нагорен тренд во земјава и во светот, важноста од спроведување на оваа активност е уште посуштинска. Исто така, од предвидените 150 илјади денари за финансиска поддршка на автори/ки и на уметници/чки, потрошени се само 34 илјади денари, што е само 22,6 проценти од предвидените средства. Во услови на пандемија уметниците се една од најранливите категории работници и беа опфатени со многубројни рестриктивни мерки, па оттука потребата за нивна финансиска поддршка е значително голема. Затоа, препорачуваме локалната власт **да не го одложува спроведувањето на активностите што се насочени кон лицата што се најзасегнати од пандемијата.**

[18]Петрески, М., Петрески, Б., Мисоска-Томовска, А., и Туманоска, Д. (2021, следува) Социо-економски ефекти од КОВИД-19 врз децата во Северна Македонија: Ажурирање. Finance Think – Институт за економски истражувања и политика, Скопје и УНИЦЕФ
[19]Osce (2019 година) Благосостојба и безбедност на жените: Северна Македонија. Извештај со резултати

Општина Ѓорче Петров беше погодена од кризата предизвикана од КОВИД-19, што се одрази со намалување на вкупните приходи. Но, за разлика од другите општини, каде што ребалансот на буџетот се одрази негативно врз овие програми, Општина Ѓорче Петров имаше позитивна промена. **Вкупно, буџетските расходи беа намалени за 2,29 проценти, но активностите што треба да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост, во просек, беа зголемени за 0,19 проценти.** Најголем придонес кон ваквата промена е резултат на активностите што на индиректен начин придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост. Сепак, ставките што имаат директен придонес кон родовата перспектива беа драстично намалени, за 48 проценти. Позитивна промена во оваа општина е зголемувањето на средства во ставката за изградба на детска градинка за дополнителни два милиона денари. Инвестирањето во детски градинки во услови на криза е исклучително позитивен пример и општината треба да ја применува оваа заложба и во годините што доаѓаат. **Оттука, препораката за Општината е при ребаланс на буџетот, да води сметка за два аспекта: да ги заштити од намалување буџетските ставки што се насочени кон унапредување на родовата еднаквост и да продолжи да инвестира во развојната компонента во активности како детски градинки и домови за стари лица.**

Програмите на Општина Ѓорче Петров за 2021 година се речиси идентични на планираните за претходната 2020 година, што укажува на тоа дека при нивно создавање не се земени предвид променетите потреби на населението предизвикани од пандемијата на КОВИД-19. Анализата покажа дека, генерално, кризата предизвика намалување на доходот на населението поради намален обем на работа или изгубени работни места и зголемена потреба од уреди за следење на наставата на далечина, што укажува на тоа дека Општината во своите програми за социјална заштита и образование треба да предвиди активности за финансиска поддршка на лица погодени од пандемијата и за доделување уреди (компјутери, таблети или мобилни телефони) или средства за набавка на уреди на семејства што немаат можност да обезбедат. Тоа значи дека **Општината треба да ги вклучи локалните жени и мажи во процесот на создавање на локалните стратегиски документи за да добие јасни слика за променетите потреби и приоритети со цел создавање родовоспецифични активности што ќе одговорат на потребите на жените и на мажите погодени од пандемијата.** Тука треба да се нагласи фактот дека уште во 2020 година **Општината им излезе в пресрет на ученици/чки од социјално загрозени семејства преку донација на таблети. Но, поради одолженото траење на пандемијата и извесното продолжување на наставата на далечина, Општината и во 2021 година требаше да алоцира финансиски средства за поддршка на социјално загрозени семејства со ученици/чки.**

Програмата за еднакви можности за 2021 година има буџет од 70 илјади денари, што е за 250 проценти помал во однос на буџетот за 2020 година. Во новата програма се предвидени активности што се директно насочени кон жителите на општината, како на пример дигитализација на претпријатија на жени, одржливо живеење преку производство на храна, изработки и услуги од страна на жени, психосоцијално советувалиште и слично, но ако се земе предвид дека за секоја активност се издвоени по пет илјади денари, очекувано е бенефитот и опфатот на корисници да биде многу мал. Затоа, Општината **треба да го зголеми буџетот на програмата за еднакви можности со цел поголем опфат на корисници и поголем бенефит и позначително унапредување на родовата еднаквост во локалната заедница.**